Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" Бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), Министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информациско комуникациската опрема кои во својство на контролор ги применува Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: Министерството) за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 2**

Корисници во смисла на овој правилник се државните службеници, надворешни соработници, како и други лица во Министерството кои користат документи кои содржат лични податоци и кои имаат пристап до информациско комуникациската опрема на Министерството.

**Член 3**

Секој корисник кој има пристап до личните податоци и до информациско комуникациската опрема кај контролорот ги има следните обврски и одговорности:

- корисникот е должен да се придржува до сите правила и процедури утврдени со актите Министерството;

- корисникот е должен да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Министерството;

- корисникот е должен, веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно до кое ќе дојде и кое укажува на постоење на надворешен или внатрешен

ризик од нарушување или недостаток на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Министерството ;

- корисникот презема обврска, секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Министерството, и кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, да го чува како доверлив, да не го пренесува, оддава или на друг начин да го стави на располагање на било кое трето лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки согласно кои Министерството врши обработката на личните податоци;

- корисникот е должен да го евидентира во писмена форма секој инцидент кој ќе го забележи од моментот кога е забележан до неговото отстранување;

- корисникот е должен да ги чува и да не ги споделува со трето лице доделеното корисничко име и лозинка;

- корисникот со потпишување на договорот за работа е должен да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";

- корисникот при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава да не ги направи непотребно видливи на трети лица;

- корисникот за време на паузи и отсуства, како и по завршетокот на работното време, е должен документите кои содржат лични податоци да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи за трети лица.

**Член 4**

Корисниците задолжително се информираат за техничките и организациските мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласна табла во Министерството.

Бр. 16-1572/1
**Дата** 19.04.2011

**Министер,**
**М-р Иво Ивановски**